# Нови и претстојни *МСФИ барања*

Дарел Скот

*Скопје, Северна Македонија*

*EAASURE Работилница за ажурирање кај МСФИ сметководствените стандарди*

CFRR Centre for Financial Reporting Reform

WORLD BANK GROUP

EAASURE

EAASURE is co-funded by:

Federal Ministry Republic of Austria Finance

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Confederation

Federal Department of Economic Affairs, Education and Research EAER
**State Secretariat for Economic Affairs SECO**

1

## Оградување

Оваа презентација содржи материјал кој претставува авторско право на МСФИ® Фондацијата во однос на кои сите права се задржани. Репродуцирано од Дарел Скот со дозвола на Фондацијата МСФИ. Не се дава дозвола на трети страни за репродукција или дистрибуција. За целосен пристап до стандардите на МСФИ и работата на Фондацијата МСФИ, посетете ја http://eifrs.ifrs.org

Одборот за меѓународни сметководствени стандарди® (ОМСС), МСФИ Фондацијата, авторите и издавачите не прифаќаат одговорност за каква било загуба предизвикана од постапување или непостапување во зависност од материјалот во оваа публикација, без разлика дали таквата загуба е предизвикана од невнимание или спротивно на тоа.

Освен ако не е наведено поинаку, сметководствените барања што се предмет на оваа презентација се стандардите на МСФИ издадени од ОМСС, кои се применуваат на или по 1 јануари 2024 година

2

2

## Агенда

- МСФИ сметководствени стандарди
- Постапката на Меѓународниот одбор за сметководствени стандарди (МОСС)
- Новите барања
- Ажурирање на сегашниот работен план на МОСС
- Поддршка за доследна имплементација
- Дигитално известување

3

3

# МСФИ сметководствени стандарди

4

## Успехот води кон предизвици

**Успех**

- МСФИ сметководствените стандарди сега се бараат или се дозволени во **147 (!) законодавства**
- Признати како висококвалитетен јазик за финансиско известување од глобалните инвеститори
- Ригорозен процес и постојани консултации во процесот на развој на стандардите

**Предизвици**

- Управување со различни очекувања на засегнатите страни
- Управување со повеќе производи (МСФИ и МСП сметководствени стандарди
- Зголемен ризик од фрагментација — делумни одвојувања, одложувања
- Ризик за брендови – бара постојана поддршка за **доследна примена**

5

5

## Управување со различни очекувања на засегнатите страни




**Економии/пазари**

Развиени | Во развој | Гранични

**Искуство и ресурси на компаниите**

**Пазарни цели (некои се ненамерни)**

| | |
|---|---|
| Глобален пасош<br><br>Странско инвестирање | Други потреби од известување:<br>– Приватни компании – привлекување на капитал<br>– Законски обврски за известување<br>– Даночно сметководство<br>– Прудентни финансиски извештаи<br>– Влијание на сметководственото во јавниот и невладиниот сектор |

**Професионални цели**

Балансирање на потребите од информации за инвеститорите со трошоците кои ги имаат изготвувачите

6

6

# Процесот на МОСС

7

## Структура

| | | |
|---|---|---|
| Јавна отчетност | Одбор за следење на МСФИ Фондацијата | |
| Раководење, стратегија и надзор | Старатели на МСФИ Фондацијата | Советодавен совет на МСФИ<br><br>Советодавни старатели, и МОСС |
| Независно воведување стандарди | Одбор за меѓународни сметководствени стандарди<br>МСФИ сметководствени стандарди<br>Комитет за толкување (КТМФИ) | |

8

8

# За самата постапка
## *Осврт*

- Барањата кои се следат од МОСС/КТМФИ кога:
  - се определуваат МСФИ Стандарди и
  - се развива МСФИ Таксономијата, и
  - се поддржува доследна примена (толкувања, потесен опфат, едукација)
- Принципи:
  - Транспарентност
  - Целосни и правични консултации
  - Отчетност

9

9

# За самата постапка
## *Принципи*

**Транспарентност**: технички состаноци на Одборот и КТМФИ

- Сите документи за состаноците се јавно достапни пред состанокот
- Состаноците се случуваат во јавност, се пренесуваат преку интернет (webcast) и се зачувуваат
- Сите писма со коментари се објавуваат јавно
- Консултативните состаноци се резимираат

**Целосно и правични консултации**: Одборот и КТМФИ се консултираат во врска со:

- Агендата на Одборот, новите стандарди, измените на стандардите, измени во таксономијата, одлуки и толкувања во врска со агендата.

10

10

## За самата постапка
### *Принципи*

**Отчетност**: Технички состаноци на Одборот и КТМФИ

» Се објаснува причината за донесените одлуки (основа за заклучоците)

» Трошоците и користите од промените се анализираат и објаснуваат

» Старателите надгледуваат дали е запазена постапката

11

11

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Се користат од Одборот за определување на неговите приоритети
- Започнување со барање за информации
- Сите дискусии се во јавност
- Објавување на агендата на Одборот

12

12

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Донесување одлуки врз основа на докази,
- Започнува со фаза на истражување
- Документот за дискусија ги опишува ставовите на Одборот во однос на истражување (не е предлог)

13

13

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Нацрт предлогот обично е на писмено како да е конечен стандард
- Поставување конкретни прашања за да се утврди квалитетот и функционалноста на нацртот

14

14

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Се користат коментари за составување на конечниот стандард
- Обично се објавува со датум на стапување на сила од 18 месеци или подолго

15

15

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Комитетот за толкување одговара на прашања или идентификувани работи
- Ги објавува предлог одлуката за агенда или толкување, или го препраќа до Одборот за да разгледа измена на стандард, што подлежи на понатамошно финализирање
- Се финализира по земањето предвид на коментарите

16

16

## За самата постапка
### *Процес на утврдување стандарди*




- Преглед по имплементацијата (обично 5 или повеќе години по датумот на стапување на сила на стандардот)
- Го зема предвид искуството во спроведувањето на стандардот
- Може да доведе до измени до стандарди

17

17

## Анкетни прашања

**Прашање 1А**

Дали сте набљудувале состанок на МОСС или на Комитетот за толкување на МСФИ (лично или виртуелно)?:

А) Да

Б) Не

**Прашање 1Б**

Дали некогаш сте испратиле писмо со коментар до МОСС (било како лице како дел од комитет)?

А) Да

Б) Не

18

18

## Мини студија на случај
### *Анкетно прашање*

Компанија за лизинг на авиони (ALC) применува МСФИ. ALC прави необична продажба и трансакција за повторен наем. ALC неговите ревизори не се согласуваат во врска со точниот третман според МСФИ 16. Компанијата испраќа барање до МОСС за решавање на несогласувањето. Врз основа на процесот на МОСС, како ќе се решава ваквото барање?

A) МОСС веднаш ќе издаде измена на МСФИ 16 за да го реши прашањето.

B) МОСС ќе даде писмено мислење ако ALC се согласи на наведениот надомест

C) МОСС ќе подготви едукативни материјали без понатаму да постапува

D) МОСС ќе го проследи прашањето до својот Комитет за толкување

E) МОСС не презема активност веднаш (но може да го „паркира“ прашањето за понатамошна дискусија)

F) Било кое од C, D или E, зависно од околностите

19

19

# Новите барања

20

## Што се бара кога?

### 1 јануари 2024

- *Обврска за лизинг во продажба и повторен наем* (Измени на МСФИ 16)
- *Класифицирање на обврски како тековни и нетековни* (Измени на МСС 1)
- *Нетековни обврски со договорни обврски* (Измени на МСС 1)
- *Финансиски аранжмани со добавувачи* (Измени на МСС 7 и МСФИ 7)

### 1 јануари 2025

- *Немање разменливост* (Измени на МСС 21)

### 1 јануари 2026

- *Измени на класифицирањето и мерењето на финансиските инструменти* (Измени на МСФИ 9 и МСФИ 7)
- Годишни подобрувања на МСФИ Сметководствените стандарди —Издание 11

### 1 јануари 2027

- МСФИ 18: *Презентирање и обелоденување во финансиски извештаи*
- МСФИ 19: *Подружници без јавна отчетност: Обелоденувања*

21

21

## Обврска за лизинг во продажба и повторен наем

### Цел

- Да се подобрат барањата за мерење за продажба и повторен наем — особено оние со варијабилни плаќања

### Измени на МСФИ 16

- Специфицирање на барањата за последователно мерење за обврска за лизинг во продажба и трансакција на повторен наем
- Се бара ретроспективна примена на измените со кои се применува МСС 8

**Датум на стапување во сила**

Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, при што е дозволена претходна примена

22

22

## Класифицирање на обврските како тековни и нетековни

Обврската се класифицира како нетековна само ако издавачот има право да го одложи подмирувањето за најмалку 12 месеци по периодот на известување → Измените во МСС 1 го појаснуваат овој критериум

| Општи појаснувања | Појаснувања кои засегаат конвертибилни обврзници |
|---|---|
| • Право за одложување на подмирувањето мора да постои на крајот на периодот на известување*<br>• Класификацијата не е засегната од очекувањата на тоа *дали* компанијата ќе го изврши своето право | Кога се проценува класифицирањето:<br>• Опцијата за конверзија на договорната страна се занемарува доколку е призната како капитал во сложен финансиски инструмент<br>• Се разгледува секоја друга опција за конвертирање |

Датум на стапување во сила: Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, при што е дозволена претходна примена

23

23

## Нетековни обврски со договорни обврски

**Цел**

- Да се подобри информирањето во врска со обврските и договорните обврски

**Измени на МСС 1**

- Специфицира дека договорните обврски кон кои субјектот мора да се усогласи по периодот на известување не ја засегаат класификацијата на обврската како тековна или нетековна на датумот на известување
- Додава барања за обелоденување за нетековни обврски кои се предмет на договорни обврски

Датум на стапување во сила: Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, при што е дозволена претходна примена

24

24

## Финансиски аранжмани со добавувачи

### Цел

- Обезбедување информации за да им се овозможи на инвеститорите да ги проценат ефектите од финансиски аранжмани со добавувачи на обврските на компанијата, готовинскиот тек и изложеноста на ликвидносен ризик.

### Измени на МСС 7 и МСФИ 7

- Опишување на аранжманите за кои ќе се бара предложеното обелоденување
- Додавање на барања за квалитативно и квантитативно обелоденување
- Потенцирање на барања за обелоденување на ликвидносен ризик и управување со ризик

**Датум на стапување во сила**: Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година, при што е дозволена претходна примена

25

25

## Анкетно прашање

**Прашање 2А**

Дали валутата на вашата земја има курс кој е јасно видлив на отворен пазар и достапен на сите учесници на пазарот?

А) Да

Б) Не

26

26

## Немање разменливост

### Цел

- Да се подобри корисноста на информациите кои им се даваат на инвеститорите и да се премости јазот во МСФИ сметководствените стандарди кои се однесуваат на ефектите од промените на странски девизни курсеви

### Измени на МСС 21

- Барање компаниите да применуваат доследен пристап во проценувањето дали валута е разменлива во друга валута — и кога не е разменлива, да се процени спот курс
- Барања за обелоденување за да им се овозможи на инвеститорите да ги разберат ефектите на финансиските извештаи на валута која не е разменлива во друга валута

**Датум на стапување во сила** Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, при што е дозволена претходна примена

27

27

## Измени во класифицирањето и мерењето на финансиски инструменти (МСФИ 9 и МСФИ 7)

### Цел

- Појаснување на барањата како одговор на повратните информации за прегледот по имплементацијата на барањата за класифицирање и мерење

### Измени на МСФИ 9 и МСФИ 7

- Отпишување на финансиски обврски подмирени преку електронски парични трансфери
- Карактеристики на договорни готовински текови на финансиски средства
- Барања за обелоденување на сопственички инструменти за кои промените на објективната вредност се презентирани во останата сеопфатна добивка

**Датум на стапување во сила** Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, при што е дозволена претходна примена

28

## Годишни подобрувања на МСФИ сметководствените стандарди

### Цел

Подобрување на Стандардите преку измени кои:

- Ја појаснуваат терминологијата; или
- Коригираат релативно минорни ненамерни последици, превиди или конфликти помеѓу постојни барања

### Во опфат

- МСФИ 1 Усвојување за прв пат на меѓународни стандарди на финансиско известување
- МСФИ 7 Финансиски инструменти: Обелоденувања
- МСФИ 9 Финансиски инструменти
- МСФИ 10 Консолидирани финансиски извештаи
- МСС 7 Извештај за готовински текови

**Датум на стапување во сила**

Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2026 година, при што е дозволена претходна примена

29

29

## МСФИ 18: Презентирање и обелоденување во финансиски извештаи

### Цел

- Подобрена комуникација во финансиските извештаи
- Фокус на информациите вклучени во извештајот за добивка или загуба

### Барања

- Нови барани меѓузбирови во извештајот за добивка или загуба, вклучувајќи „добивка од работењето"
- Обелоденувања во врска со мерењата на извршување (МРМ)
- Подобрени насоки за групирање на информациите (сумирање и расчленување)

**Датум на стапување во сила**

Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2027 година, при што е дозволена претходна примена

30

30

## Анкетно прашање

| Прашање 3А | Прашање 3Б |
| --- | --- |
| Дали имате компании во вашата земја кои се во 100% сопственост на друга компанија во вашето законодавство (подружници во целосна сопственост)?<br>А) Да<br>Б) Не | Доколку да, дали подружниците во целосна сопственост треба да подготват финансиски извештаи кои се усогласени или со МСФИ или со МСФИ за МСП?<br>А) Да<br>Б) Не |

31

31

## МСФИ 19: Подружници без јавна отчетност: Обелоденувања

### Накусо

- Доброволен Стандард за подобни подружници кој ќе дозволи примена на МСФИ сметководствени стандарди со намалени барања за обелоденување
- МСФИ 19 ќе ги поедностави системите и процесите за известување и со тоа ќе ги намали трошоците за подготовка на финансиските извештаи на подобните подружници

### Барања

Стандард само за обелоденување.
Тој не вклучува:

- барања за признавање, мерење и презентирање
- Во однос на барањата за признавање, мерење и презентирање, подружницата ќе се повика на релевантниот МСФИ сметководствен стандард

**Датум на стапување во сила**

Годишни периоди за известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2027 година, при што е дозволена претходна примена

32

32

# Ажурирање на сегашниот работен план на МОСС

33

## Консултации

| Отворени за коментари | Коментари најдоцна до: |
|---|---|
| МСФИ сметководствена таксономија 2024—Ажурирање 2 *Договори за обновлива електрична енергија.* | 14 окт 2024 |
| Ажурирање на МСФИ сметководствената таксономија—Ажурирање 3 *МСФИ 19 Подружници без јавна отчетност* | 28 окт 2024 |
| Нацрт за јавна расправа: *Превод во хиперинфлаторна презентациска валута* | 22 ное 2024 |
| Нацрт за јавна расправа: Измени на МСФИ 19 *Подружници без јавна отчетност* | 27 ное 2024 |
| Нацрт за јавна расправа: *Климатски поврзани и други неизвесности* | 28 ное 2024 |
| Нацрт за јавна расправа: *Сметководствен метод на капитал* | 20 јан 2025 |

34

34

## Нови стандарди, измени и други публикации

**Издадени во 2024**

- МСФИ 18 *Презентација и обелоденување во финансиски извештаи*
- МСФИ 19 *Подружници без јавна отчетност: Обелоденувања*
- Измени во класифицирање и мерењето на финансиските инструменти (МСФИ 9 и МСФИ 7)
- Годишни подобрувања на МСФИ сметководствени стандарди—Издание 11

**Очекувани**
(предмет на одобрување од Одборот)

- ✓ **Декември 2024**: Договори за обновлива електрична енергија—Измени на МСФИ 9 и 7
- ✓ **Прво тримесечје 2025:** Трето Издание на Сметководствениот стандард *МСФИ за МСП*, стапува во сила на или по 1 јануари 2027 година
- ✓ **Прва половина 2025:** Ревидирана изјава за практика – коментари од раководството
- ✓ **Втора половина 2025:** Сметководствен стандард *Регулаторни средства и регулаторни обврски*

35

35

## Работен план на МОСС: преглед

| Вид на проект | На 30 септември 2024 |
|---|---|
| Прегледи по имплементацијата | **1** |
| Истражувачки проекти | **3** |
| Проекти за утврдување на стандарди | **7** |
| Проекти за одржување | **6** |
| Прашања во врска со примената (МСФИ ИС) | **3** |
| **Вкупно** | **20** |

36

36

# Прегледи по имплементацијата

37

## Анкетно прашање

| Прашање 4А | Прашање 4Б |
|---|---|
| Дали во вашата земја го применувате МСФИ 16 *Лизинг*?<br>А) Да<br>Б) Не | Доколку да, дали ви се познати евентуални предизвици, потешкотии или неекономски одговори кои произлегуваат од употребата на тој стандард?<br>А) Да<br>Б) Не |

38

38

## Прегледи по имплементација (PIR) на МСФИ 16—*Наеми*

| Цел | Проектен план | Следен клучен настан |
|---|---|---|
| Да се процени дали ефектите од примена на МСФИ 16 на корисниците на финансиските извештаи, изготвувачите, ревизорите и регулаторите се онакви како што била и намерата кога бил објавен Стандардот | » Комуникација со консултативни групи и други засегнати страни со цел информирање за барањето за информации<br>» Преглед на академски истражувања и други материјали<br>» Земање предвид на развојот на пазарот откако е издаден МСФИ 16<br>» Преглед на констатациите содржани во прегледот по имплементација на FASB на темата 842 – Лизинг | Се очекува објавување на барањето за информации во првата половина од 2025 |

39

39

# Истражувачки проекти

40

## Нематеријални средства

### Цел

- Сеопфатен преглед на сметководствените барања за нематеријални средства
- Проценка дали барањата од МСС 38 *Нематеријални средства* и понатаму се релевантни и дали продолжуваат објективно да ги одразуваат бизнис моделите, или МОСС треба да ги подобри барањата

### Област на фокус

Првично истражување за да се дефинира:

- проблемот кој проектот треба да го решава;
- опфатот на проектот; и
- како најдобро да се постави работата за да се испорачаат навремени подобрувања

### Следен клучен настан

Преглед на истражувањето – се очекува во октомври 2024 година

41

41

## Мерење на амортизирана набавна вредност

### Цел

- Решавање на широко распространетите прашања за примена од МСФИ 9 барањата за мерење на амортизирана набавна вредност,
- Преку појаснување на главните принципи или развивање на нови принципи и упатство за примена
- Правење специфични подобрувања во информациите за финансиските инструменти кои се мерат по амортизирана набавна вредност

### Области на фокус

- Метод на ефективна каматна стапка
- Измени, отпишувања
- Интеракција со обезвреднување

### Следен клучен настан

Преглед на истражувањето – се очекува во првото тримесечје од 2025 година

42

42

## Извештај за готовински текови и поврзани прашања

### Цел

Преглед на МСС 7 Извештаи за готовински текови како реакција на повратниот одговор добиен во рамките на третите консултации за агендата

### Области на фокус

- Класифицирање на готовинските текови во категории;
- Барања за расчленување;
- Дефиниции за готовина и готовински еквиваленти;
- Користење на директен метод;
- Барања за финансиски институции;
- Барања за презентирање/ обелоденување на неготовинските ефекти на некои трансакции

### Следен клучен настан

Преглед на истражувањето – се очекува во првото тримесечје од 2025 година



43

# Проекти за утврдување на стандарди

## Преглед: Проекти за утврдување на стандарди

**Објавен нацрт за јавна расправа**

***Дискусија за повратниот одговор***

**Одлука за насоката на проектот**

**МСФИ сметководствен стандард**

Динамично управување со ризици

Метод на капитал

Деловни комбинации — Обелоденувања, Гудвил и Обезвреднување

Финансиски инструменти со карактеристики на капитал

Преглед на МСФИ сметководствениот стандард за МСП*

Активности кои се регулираат со тарифа

*Коментар на раководството*
Изјава за пракса

*Проект за одржување беше додаден кон додатокот на нацртот за јавна расправа на *Третото издание на МСФИ СМетководствен стандард за МСП*.

45

45

## Динамично управување со ризици

### Цел

Развој на сметководствен модел кој подобро ќе ги одразува ефектите од динамичното управување со ризици во финансиските извештаи на компанијата

### Модел на динамично управување со ризици (DRM)

- DRM моделот се справува со предизвиците во барањата за сметководство за хеџинг за управување со динамичните ризици поврзани со каматни стапки
- Ефектите од користењето на деривативи за ублажување на ризикот од повторно определување на цените на нето отворената позиција на ризик
- Начелни одлуки во врска со барањата за признавање, мерење, презентирање и обелоденување
- Следен фокус се барањата за премин

### Следни чекори

Објавен нацрт за јавна расправа – се очекува во првата половина од 2025

46

46

## Метод на капитал

### Цел

- Намалување на разликите во пракса преку одговарање на прашања за примена.
- Подобрено разбирање на МСС 28 за придружни субјекти и заеднички потфати

### Предлози

- Да се додаде и појасни како да се примени сметководствениот метод на капитал.
- Воведување нови барања за обелоденување за да се подобрат информациите во врска со придружните субјекти и заедничките потфати

### Следни чекори

Периодот за коментари завршува на 20 јануари 2025

*Сметководствен метод на капитал—МСС 28 Инвестиции во придружни субјекти и заеднички потфати (ревидиран 202x)*

### Проектен пристап

Идентификување на прашањата за примена → Идентификување на основните принципи → Примена на принципите на прашањата за примена → Објавен нацрт за јавна расправа

47

47

## Деловни комбинации—Обелоденувања, гудвил и обезвреднување

### Цел

Подобрување на информациите кои ги даваат компаниите во врска со нивните стекнувања по разумна цена

### Предлози

- Пакет на подобрени барања за обелоденување во МСФИ 3 *Деловни комбинации*
- Промени во тестот за обезвредување на единици кои генерираат готовина кои содржат гудвил во МСС 36 *Обезвреднување на средства*

### Следен клучен настан

Дискусија за повратниот одговор во врска со нацртот за јавна расправа

48

48

## Финансиски инструменти со карактеристики на капитал

### Цел

Подобрување на информациите кои ги даваат субјектите во своите финансиски извештаи во врска со финансиските инструменти кои ги издале

Справување со предизвиците со примена на МСС 32 *Финансиски инструменти: Презентирање*

### Пристап

Појаснување на принципите на класифицирање во МСС 32 за справување со практични прашања:

- услов „фиксно за фиксно“
- ефекти од закони или прописи
- облигации за купување сопственички капитал
- одредби за условено намирување
- дискреција на акционерите
- Подобрување на презентирањето/ обелоденувањето

### Следен клучен настан

Анализа на повратниот одговор и повторно дискутирање на предлозите во нацртот за јавна расправа

Одлука за насоката на проектот

49

49

## Коментар на раководството (MD&A)

### Цел

- Белешка за ремонт на праксите како ресурс за регулаторите/ компаниите
- Одговор на барањето за подобри информации во врска со факторите кои влијаат на способноста да се создаде вредност и готовински текови
- Овозможување основа за поголема интеграција во известувањето

### Пристап

- Насочени прочистувања на предлозите
- Кодифицирање на иновациите во известувањето, вклучувајќи и концепти за Интегрирано известување
- Поддршка на поврзувањето помеѓу MD&A и финансиските извештаи на компанијата и обелоденувањата за одржливост
- Соработка со ISSB

### Следен клучен настан

Ревидираната изјава за пракса се очекува да биде издадена во првата половина од 2025

50

50

## Преглед на МСФИ за сметководствен стандард за МСП

### Цел

- Да се ажурираат МСФИ за Сметководствен стандард за МСП за да се одразат подобрувањата кои се направени во целосните МСФИ Сметководствени стандарди (во опфатот на овој преглед), истовремено запазувајќи ја едноставноста на Стандардот

### Пристап

- Пристапот на усогласување ги користи следниве принципи за идентификување на евентуалните измени:
- релевантност за МСП;
- едноставност; и
- верно прикажување, вклучувајќи и проценка на трошоците и користите

### Следен клучен настан

Издавање на Третото издание на МСФИ сметководствениот стандард за МСП – се очекува во првото тримесечје од 2025

51

51

## Активности кои се регулираат со тарифа

### Цел

Давање информации во врска со ефектите од регулаторниот приход, расход, средства и обврски на финансискиот резултат и финансиската состојба на компаниите

### Пристап

- Регулирањето на тарифите може создаде разлики во временскиот период кога надоместувањето на добра или услуги кои биле испорачани во еден период се наплатени во друг период
- Одраз на надоместокот во периодот кога се испорачани добрата или услугите
- Барање признавање на регулаторни средства, обврски, приходи и расходи

### Следен клучен настан

Издавање на МСФИ сметководствен стандард – се очекува во втората половина од 2025

52

52

# Проекти за одржување

53

## Преглед: проекти за одржување

**Објавен нацрт за јавна расправа**

**Дискусија за повратниот одговор во врска со нацртот**

**Издавање измени**

Резервирања—Насочени подобрувања

*Подружници без јавна отчетност: Ажурирање на Стандардот за обелоденувања*

*Користење на презентациска валута од хиперинфлаторна економија од субјект кој не е во хиперинфлаторна економија (IAS 21)*

*Климатски поврзани и други неизвесности во финансиските извештаи*

Договори за купување струја

*Додаток кон нацртот за јавна расправа – Трето издание на МСФИ сметководствениот стандард за МСП**

- Следниот клучен настан за Додатокот кон нацртот за јавна расправа – *Трето издание на МСФИ сметководствениот стандард за МСП* е МСФИ сметководствен стандард за МСП, бидејќи МОСС ќе ги вклучи измените во претстојното трето издание на Стандардот (прв квартал 2025)

54

54

## Резервирања—Насочени подобрувања

### Цел

- Подготовка на предлози за три насочени измени на МСС 37 *Резервирања, условени обврски и условени средства*

### Пристап

- Измена на барањата со кои се поддржува критериумот за признавање „сегашна облигација“—со користење концепти од Концепциската рамка
- Појаснување кои трошоци да се вклучат во мерењето на резервирањето
- Попрецизно да се специфицира стапката која се користи за дисконтирање на идни готовински текови до нивната сегашна вредност.

### Следен клучен настан

Објавен нацрт за јавна расправа – се очекува во ноември 2024



55

## Анкетно прашање

**Прашање 5**

Дали вашата земја со соочува со голема инфлација (поголема од 30%) во овој момент или имала искуство со тоа во изминативе години?

А) Да
Б) Не



56

## Измена на МСС 21: *Користење на хиперинфлаторна презентациска валута од субјект кој не е во хиперинфлаторна економија*

### Цел

Измени со потесен опфат во МСС 21 за да се подобри корисноста на финансиските информации за кои известуваат субјектите кои презентираат финансиски извештаи во хиперинфлаторна валута

### Пристап

Да се обезбеди релевантниот метод за превод кој е применлив на субјектите чија функционална валута е валута која не е хиперинфлаторна но чии финансиски извештаи се презентираат во валута на хиперинфлаторна економија.

### Следен клучен настан

Периодот за коментари за нацртот за јавна расправа Превод кон хиперинфлаторна презентациска валута завршува на 22 ноември 2024

57

57

## Ажурирање на МСФИ 19

### Цел

Предлог измени на МСФИ 19 *Подружници без јавна отчетност: Обелоденувања*

### Пристап

Развој на скратени верзии на барањата за обелоденување во МСФИ сметководствените стандарди кои додадени или изменети по 28 февруари 2021 година

.

### Следен клучен настан

Периодот за коментари за нацртот за јавна расправа Измени на МСФИ 19 *Подружници без јавна отчетност: Обелоденувања* завршува на 27 ноември 2024

58

58

## Климатски поврзани и други неизвесности во финансиските извештаи

### Цел

Да се истражат насочени активности за подобрување на известувањето за ефектите од климатски поврзаните и други неизвесности во финансиските извештаи

### Пристап

- Подобра примена на МСФИ сметководствените стандарди, вклучително и преку развивање на илустративни примери
- Истражување на насочени измени за да се подобрат обелоденувањата во врска со проценките
- Подигнување на свеста за барањата во МСФИ сметководствените стандарди
- Работа со ISSB за да се обезбеди дека работата на двата Одбори е поврзана

### Следен клучен настан

Периодот за коментари за нацртот за јавна расправа Климатски поврзани и други неизвесности во финансиските извештаи завршува на 28 ноември 2024

59

59

## Договори за купување струја (PPAs)

### Цел

Подобро да се одразат ефектите на овие договори на финансиските извештаи на субјектите

### Пристап

- Предложените измени се применуваат на договори за електрична енергија со специфицирани карактеристики
- Вклучува надоместоци за купувачот кога ги користи барањата за сопствено користење
- Вклучувања барања за назначување и мерење на договор со хеџирана ставка како хеџинг
- Воведува нови барања за обелоденување

### Следен клучен настан

Дискусија за повратниот одговор во врска со нацртот за јавна расправа *Договори за обновлива електрична енергија*

60

60

# Поддршка на доследната примена на МСФИ сметководствените стандарди

61

## Поддршка на доследна примена

| МОСС | | Со цел... | | Затоа што тоа... |
|---|---|---|---|---|
| им помага на засегнатите страни да се стекнат со **единствено разбирање** на барањата—т.е. која е нивната цел | → | да се поддржи **доследна примена** на МСФИ Стандардите | → | ги заштитува МСФИ Стандардите како единствен комплет од **глобални Стандарди** во полза на корисниците на финансиските извештаи |

**Во што е предизвикот?**

| | |
|---|---|
| Од помош | Не ја поткопуваат природата заснована на принципи |
| Респонзивни се | Не ја пореметуваат праксата |

62

62

## Како МОСС ја поддржува доследната примена

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Комитет за толкувања | Одлуки во врска со агендата |
| 2 | МОСС | Минорни или измени од потесен опсег на МСФИ сметководствените стандарди |
| 3 | Вработени и поединечни членови на МОСС | Едукативни материјали |
| | | Работа со други организации (на пример, регулатори и NSS) |

63

63

## Улогата на МОСС наспроти улогата на другите

Подготовка на годишните финансиски извештаи со примена на МСФИ сметководствените стандарди

**Изготвувачи** →

Усогласеност на ревизијата со МСФИ сметководствените стандарди

**Ревизори** →

Примена на МСФИ сметководствените стандарди

**Регулатори** →

Создавање подобра пазарна дисциплина

**Корисници**

Консултации и ангажирање во процесот на финансиско известување

**Висококвалитетни сметководствени стандарди**

**Едукативни материјали**

**Комитет за толкувања**

**Групи за ресурси при премин**

64

64

## Анкетно прашање

**Прашање 6**

Дали некогаш сте испратиле прашање до Комитетот за толкување?
А) Да
Б) Не



65

# Работата на Комитетот за толкувања на МСФИ

66

# Како постапува Комитетот

Комитетот добива прашање

Дали прашањето е масовно присутно/ се очекува да има материјален ефект?

Да ↓

Дали е неопходно да се променат МСФИ Стандарди?

Да ↓

Дали прашањето може да се реши ефикасно и дали неговиот опфат е доволно тесен?

Да ↓

Утврдување на стандардот со тесен опфат
*(т.е. измена или толкување со тесен опфат)*

Се дискутира и одобрува од МОСС

Не →

**Одлука за агенда**

Известува за одлуката и често вклучува објаснувачки материјал*

- Објавувањето на одлуката за агенда е условена со тоа МОСС да нема забелешки на нејзиното објавување

67

67

# Преглед на дискусиите на Комитетот во 2024 година




**4** Конечни одлуки за агенда (види слајд **39**)

- Спојување помеѓу матично друштво и негова подружница во Поединечни финансиски извештаи (МСС 27)
- Плаќања условени од континуирано вработување за време на периоди на примопредавање (МСФИ 3)
- Обелоденување на приходи и расходи за сегменти на известување
- Обврски поврзани со климата (МСС 37)

**5** Инпути за проекти на МОСС

- Деловни комбинации—Обелоденувања, Гудвил и Обезвреднување
- Нематеријални средства
- Механизми за определување на цена кај загадувачи (проект на обратна листа)
- Преглед по имплементација на МСФИ 9 — Обезвреднување
- Преглед по имплементација на МСФИ 16

[1] до и вклучувајќи го состанокот на Комитетот во септември 2024 година

68

68

## Пример од последните одлуки за агенда

| | | |
|---|---|---|
| Отворено за коментари до 18 ное 2024<br>Гаранции издадени за облигации на други субјекти | јули 2024<br>Обелоденување на пригоди и расходи за известувачки сегменти (МСФИ 8) | јануари 2024<br>Спојување помеѓу матично друштво и негова подружница во посебни финансиски извештаи (МСС 27) |
| Отворено за коментари до 18 ное 2024<br>Признавање на приходи од школарини (МСФИ 15) | април 2024<br>Обврски поврзани со климата (МСС 37) | октомври 2023<br>Гаранција во однос на договор за деривативи (МСФИ 9) |
| Ноември 2024—Повратен одговор на предложената одлука за агенда<br>Класифицирање на готовински текови поврзани со варијациски повици за доплата за „обезбедени со пазар“ договори (МСС 7) | април 2024<br>Плаќања условени од континуирано вработување за време на периоди на примопредавање (МСФИ 3) | октомври 2023<br>Домови и заеми за домови дадени на вработени |

69

69

## Дигитално финансиско известување

70

## Зошто е важно дигиталното финансиско известување

- На инвеститорите им стануваат достапни се' повеќе и повеќе информации, вклучувајќи и финансиски информации поврзани со одржливоста
- Со дигитализирање на финансиските извештаи, информациите можат да се читаат на компјутер и им овозможуваат на инвеститорите поефикасно да вадат, споредуваат и анализираат информации
- Дигиталното финансиско известување дава можности за понатамошно подобрување на ефикасноста на пазарите на капитал и ја намалува цената на капиталот
- Инвеститорите се' повеќе консумираат информации преку дигитални средства за да донесат одлуки за инвестирање
  - Повеќе од 90% од капитализацијата на глобалниот пазар сега има обврска да подготви некаква форма на дигитално финансиско известување (ова ги вклучува САД, ЕУ, Кина, ОК, Индија, Јапонија)



71



## Визија за дигиталното финансиско известување

Дигитални финансиски извештаи кои се корисни за одлуки, висококвалитетни, глобално споредливи и достапни

**Како МОСС дојде таму**

- Глобално усвојување на МСФИ Стандарди
- Барања за уверување и прегледи од спроведувачите
- Глобално усвојување на МСФИ дигитални таксономии
- Дигитална достапност на сите информации вклучени во финансиските извештаи




Остварувањето на оваа визија ќе бара координиран напор од повеќе играчи во дигиталните и екосистемите на финансиско известување



72

## Фокусот на МОСС на дигитално финансиско известување

73

Во рамките на своите трети консултации за агенда, МОСС се согласи **малку да го зголеми** својот фокус на дигитално финансиско известување

| | |
|---|---|
| За да помогне во подобрувањето на корисноста, квалитетот, достапноста и споредливоста на дигиталните финансиски информации, МОСС планира: | да продолжи да ја подобрува МСФИ сметководствената таксономија |
| | да ги разгледува импликациите за МСФИ сметководствените стандарди од дигиталното консумирање на финансиските извештаи |
| | да работи со партнерите во дигиталниот екосистем за да го олесни дигиталното консумирање на финансиските извештаи |

73

73

# Ви благодарам

74